Книжевност
Ги поминав сите граници, да не ме мислите

Став
Македонија е како коњска запрега на Монца

Култура
Лудвиг ван Бетовен

Уметност
Нада Прља: За Венецискотo биенале предлагам проект кој зборува за нашата иднина

ЕвропаЕкологија
Заштита на климата: Германија заостанува

Книжевност
„Новите!" 2018: Трите најдобри ракописи

Став
Писмо до Заев: Дали се гради држава кревајќи лажни знамиња?

БалканЕвропа
Нема напредок

Сите статии

Пара ВЕСТИ
- Бот си ја оставил девојката затоа што не знаела да прави сендвичи како партијата
- Ретроградниот Меркур апелира до луѓето да не се вадат на него
- Амандман XXXVI на Уставот на Република Македонија

Пара ФОТО

Современ Мане

# Нада Прља: За Венецискотo биенале предлагам проект кој зборува за нашата иднина

Уметност
**Окно**
18.12.2018
02:10



Проектот што го предложив за Венеција зборува за можната иднина, поради тоа тој крие и една блага утопистичка идеја за подобро утре за сите нас.

Нада Прља е визуелна уметница, која во моментот живее во Копенхаген, пред тоа во Скопје го формираше и коуредуваше уметничкиот простор СИА, а пред тоа, пак, петнаесетина години престојуваше во Лондон, паралелно, нејзините дела беа изложени во десетици градови низ Европа. Деновиве во уметничките кругови во Скопје, актуелен е конкурсот за македонското учество на Венециското биенале што е еден од поводите за разговор со неа.

**Да почнеме со прашањето за македонското претставување на 58-то Венециско биенале за кое вие аплициравте. Евидентно е дека оваа година Министерството постави повисоки критериуми, бара референтен, профилиран уметник со бројни домашни и интернационални изложби, учества на биеналиња, итн. Дали ги исполнувате овие услови?**

Можам како илустрација да наведам неколку од условите кои се однесуваат на авторското творештво: кандидатот треба да има реализирано најмалку 15 самостојни изложби, 25 меѓународни групни изложби, 5 домашни самостојни/групни изложби, во тнр. пресеци на македонската ликовна уметност, 5 значајни награди, учеството на најмалку 3 биеналиња, да има учествувано на 5 фестивали и на 3 уметнички резиденции. Не би сакала ова да звучи како фалење, секако не ми е тоа целта, но условите кои се однесуваат на авторското творештво ги исполнувам во целост. На пример, имам реализирано околу 20-тина самостојни и 95 групни изложби. Во тој контекст изложував во референтни музеи и галерии, како на пример: Кремс Кунстхал, во Кремс, Австрија, Lewis Glucksman Gallery, Корк, Ирска, Palais de Tokyo, Париз, Франција, Muzeum Sztuki во Лоѓ и „Zacheta" - Националната галерија на уметност во Варшава, INIVA Институт за меѓународни уметност во Лондон, итн. Потоа имав претставување во приватни галерии и фондации, како на пример White Cube, Лондон. Оваа галерија е една од најпознатите приватни галерии, водена од Џеј Џоплин, кој го „создаде" Дамијан Хирст и е одговорен за кариерата на „дедовците" во британската уметност Гилберт и Џорџ. Ги претставив своите дела и во Калверт 22 Фондација, Фондација за уметност Дејвид Робертс DRAF, двете во Лондон, како и во Шкуц галерија во Љубљана, итн. Во Македонија, во МСУ и Национална галерија сум имала самостојни изложби и во истите музеи бев дел на групни изложби по четири-пет пати, а сум изложувала и во други галерии.

Око
Марш на црвените чадори


СЕКОЈ ДЕН ПЕСНА
Игор Исаковски
**Еве ме како блујам и не престанувам**
еве ме како блујам капки слуз
во кутија цигари:
18.12.2018








## Е-библиотека



**ФАШИЗАМ ВО КУСИ ПАНТАЛОНИ**

Груевизмот е чист фашизам: една авторитарна, преродбеничка, клептократска, капиталистичка партиска држава, што за среќа остана во куси панталони.

Преземи

## Анкета

**Дали Владата презема доволно мерки да се намали загадувањето на воздухот?:**

- Да
- Не
- Не знам

Гласај

## Книга



**Некој бил тука**

Во средиштето на приказната е татко кој се соочува со загубата на својата ќерка. Дали може да помогне бегството во нечиј туѓ стан? Мирисањето женски долен веш? Триењето на образите од рапав ѕид? Трпијата во кожа?

## Најчитано 7 / 11

1. Али, задрогаз од Зајац

Што се однесува до претставувања на биеналиња, сум учествувала на 6 биеналиња, по покана на еминентни ликовни професиналци, како на пример Артур Жмијевски (најпознатиот современ полски уметник) и Јоана Варша (куратор и предавач на ликовната академија во Стокхолм) за Берлинското биенале, Калед Рамадан и Алфредо Крамероти (директор на Мостин Галерија, ВБ) на Манифеста, Аленка Грегорич (уметнички директор на Градската галерија на Љубљана) за Графичко биенале во Љубљана итн.

Бараните критериуми не ми претставуваат проблем, „броењето на изложбите" не е тешко, потежок беше патот да се постигне афирмираност, особено за мене, бидејќи на дваесет и нешто години заминав од земјата во Лондон, една метропола во која не е лесно да си уметник. Но веве веќе со години сум во топ пет уметници во Македонија (според интернационалните рангирања, како на пример на artfacts.net) и високо котирам во европски рамки.



„Да одам или да останам", самостојна изложба на Нада Прља во Музејот на современа уметност, Скопје, 2008

**Дали може да ги резимирате вашите сознанија за тоа што значи успешно претставување на настан каков што е Биеналето во Венеција?**

Основата на секој од овие проекти е усогласеност на тимот, знаењето и разбирањето на сите идејни и технички аспекти на проектот, добра комуникативност на проектот со публиката и неговата промоција.

Некои од ангажманите од овој вид, конкретно Манифеста и Берлинското биенале, заради својата комплексност, излегуваа надвор од она што значи класичен уметнички ангажман на Биенале. Пред Манифеста имав уметничка резиденција во Мурсија, каде секојдневно работев со затвореници во центарот за притвор и каде го создававме филмот кој беше прикажан на биеналето. Берлинското биенале, пак, беше едногодишен ангажман - од подготовките на преоектот, преку изведбата и во текот на изложбата. Самиот ѕид, поставен на улицата „Фридрихштрасе" во Берлин, предизвика емоции и реакции, што всушност беше интенцијата и самата идеја на проектот. Тоа што беше магично во овие два проекти, е тоа што никој не беше рамнодушен кон нив, од тимот до публиката. Низ нив ми се потврди сознанието за мојата заложба во уметноста - отвореност кон конфронтација, отворање кон нови размислувања за учмаените процеси во општеството.










## Вести (time.mk)

- Трамп: Ќе ги угостам Тачи и Вучиќ во Белата куќа за да го прославиме историскиот договор
- Милошоски: Нема да учествуваме во оваа фарса за измени на Уставот
- МОН за протестот во Тетово: Со внимание ги следиме барањата на студентите
- Собранието ја поддржа потребата Предлог-законот за амнестија да се донесе по скратена постапка
- Пазарџиите на маки – власта најавува решение за следната година
- Половина тон марихуана запленети на ГП Богородица

## radio.spodeli.org

**Канал 103** DISKORDIA: Ивана Драгшиќ ~ 08 Trust

## Боли глава

Туторијали на јутјуб како се прави

2. YUбилеј (1) 100 години Југославија 75 години АВНОЈ
3. Бот си ја оставил девојката затоа што не знаела да прави сендвичи како партијата
4. Симон Узуновски (1949 - 2018)
5. Стратегијата за намалување на загадувањето – недопустливо поигрување со здравјето на граѓаните
6. „Новите!“ 2018: Трите најдобри ракописи
7. Балканот масовно се иселува, но не сака мигранти
8. Дипломирани конформисти
9. Писмо до Заев: Дали се гради држава кревајќи лажни знамиња?
10. Брзата храна во Македонија: вкусна и крцкава или сериозно штетна по здравјето?
11. Попреченоста е приказна за љубовта и борбата за достојно место во општеството

NEW BALKAN POLITICS JOURNAL OF POLITICS
QUEER.MK
Глобус on-line
ЛИБЕРТАС
инфо
MOJOTGRAD ОД ДРУГ АГОЛ .COM
ping.mk АГРЕГАТОР НА МК Е-СОДРЖИНИ
ГИНА Платформа за истражувачко новинарство и анализи
ДОБРА РАБОТА.мк Полесно вработување!

Двата проекти зборуваат за сегашноста, додека предложениот проект за Венеција, ако ми дозволите да се навратам на таа тема, зборува за можната иднина, поради тоа тој крие и една блага утопистичка идеја за подобро утре за сите нас.

**Сите национални павилјони на Венецискиото биенале, во последните години, покрај претставувањето на своите уметници и куратори, потенцираат учество и на еминентни дејци од интернационалната културна сцена. Дали и Вие го имате ова во план, во рамките на вашиот предлог?**

Во последно време веќе слушнавме и читавме официјални и неофицијални објави на различни уметници за обезбедени покани за учество во колатерални изложби (како паралелна програма на Венецискотo биенале), потоа читавме и за конкретни изложбени простори, спонзорства, итн. но јас претпочитам да не ги откријам конкретните детали на проектот. Би можела само да прикажам основен вовед во него. Предлог проектот е под покровителство на една од најреномираните установи за ликовна уметност и култура од земјата, а тимот е составен само од жени, што беше моја заложба. Странскиот еминентен соработник од областа на уметноста, во своето портфолио има бројни соработки со светски уметници (како на пример Улај и др.) и веќе учествувал на Венецискотo биенале, како куратор на национален павилјон на Словенија а бил и директор на одделот за истражување на локации за проектот „НСК држава”, павилјон на познатата уметичка група ИРВИН. Доколку нè изберат за оваа манифестација, секако дека неговото искуство ќе придонесе со едно темелно знаење за процесот на развивање на проект, презентација и популаризација во рамките на биеналето.



Мојот предлог проект е во форма која се развива; првиот дел од проектот веќе беше изведен во Лондон во Калверт 22 галеријата и целта на проектот беше вклучување на теоретичари на социјалните состојби и уметноста, како на пример Нина Пауер (Nina Power) активистка и теоретичар на политиката, културата, и феминизмот. Истовремено таа е предавач на Кралскиот колеџ во Лондон, автор на книгата „Еднодимензионална жена” и е редовен колумнист во „Гардијан“ и други списанија. Потоа Марк Фишер (Mark Fisher), кој за жал не е веќе со нас и кој има голем придонес во почетокот на XXIот век, во областа на прогресивната политика и популарната култура. Марк, исто така беше и професор на Одделот за визуелни култури на Голдсмитс Универзитет во Лондон и е автор на значајни книги, како „Капиталистички реализам: нема ли алтернатива?”.

Теоретичарите на политиката, културата и уметноста, повикани за можното наше претставување во Венеција, од страна на нашиот концептуален соработник, инаку самиот теоретичар и активист, еден од ретките кои пишуваат од теориска гледна точка за тековните политички и културни состојби во земјата, се на исто (дури ако смеам да кажам и повисоко) рамниште од учесниците во лондонскиот проект и во моментов се во центарот на виниманието на интернационалната културна и теориска сцена. Сигурна сум само нивното присуство во македонскиот павилјон ќе привлече меѓународно внимание, но тие не се само во улога на „промотори на проектот”, туку се интегрален дел на проектот, всушност „дел” од уметничкото дело, така што нивната улога во проектот е суштинска.

Верувам дека учество на еминентни надворешни културни работници е битно, првенствено поради можноста проектот да се здобие со поголема релевантност и секако поради искуството кое ќе се внесе во проектот. Во

## Снешко

Во Гевгелија ретко има снег, па кога има гледаме туторијали на јутјуб како се прави Снешко.

Александар Дојранлиев, Фејсбук, 18.12.18.

РЕЧНИК ПАНДАЛФ ВУЛКАНСКИ
ВИДЕО ИНТЕРВЈУА СКОПЈЕ 1963 2014
комерцијална банка ад скопје
okno.mk facebook

### Виц

Нам не ни е толку лошо колку што мислиме.

Колку што мислиме - и добро ни е.

### Фото

**Марси Хенкок**

Нарциси



### Погледнете

1. Борис Дежуловиќ - ДАН МРМОТА - ново
2. Сашо Ордаnoски - Заев за претседател! - ново

исто време сметам дека е потребно учество на македонски културни работници, зашто тоа е можност сите контакти и искуства да се вратат во земјата. Од тие причини, никогаш не би ја дала главната кураторската позиција на надворешен куратор.



„Странски јазик за почетници", 2009 Нада Прља. Двојна видео проекција, 60 мин. Делото изведено и нарачано од Манифеста 8, изложено во Музејот на убавите уметности на Шпанија во Мурсија

**Од уметникот се бара да обезбеди и простор како дел од апликацијата. Дали вие обезбедивте простор?**

Да. Соработувавме директно со една Фондација од Венеција, лоцирана во Канареџо, која ни обезбеди простор во времетраењето на Биеналето во 2019-та. Инаку самата Фондацијата поседуваа неколку изложбени простори во Венеција, но самите ни ја сугерираа капелата од XV ти век која ја поседуваат, според мене овој простор визуелно прилега на проектот, но секако рано е да се зборува за ова.

**Годинава учествувавте на изложбата „Ремастер - уметноста на реапропријацијата" во Кремс Кунстхале, каде вашето дело се најде помеѓу делата на Марсел Дишан, Мен Реј, Казимир Маљевич, Енди Ворхол и други. Триесетина дела од оваа изложба беа „уметничка копија" од веќе постоечки дела, реафирмирајќи ги историските дела на уметноста, овие „уметничките копии" дадоа нова димензија и читање на постоечките дела. Зошто во вашата уметничка пракса го потенцирате навраќањето кон одредени уметнички дела или концепти од минатото?**

На изложбата во Кремс Кунстхале ја претставив реапропријацијата на перформансот на Марина Абрамовиќ „Балкан Барок", но тоа не е прв пат да работам со овој концепт на адаптација или ре-креирање. Едно од најамбициозните реапроприации на дело, беше исликување на графитите, дамките, итн. од моето дело наречено „Ѕидот на мирот" кое беше јавно изложено на 7-то Берлинско биенале. Имено, јавното дело во Берлин, додека беше изложено во 2012 година, беше прекриено со зборови и на поддршка и на негирање. За изложбата во „Вајт Кјуб" галеријата (White Cube) следната 2013 година, со делото „Ѕидот на мирот, Реплика" го пресликав едниот ѕид на индивидуални панели кои беа донесени и инсталирани на еден од ѕидовите во галеријата, во димензија од 17метри на 4.5 метри. Кураторот на изложбата Адриано Педроза беше заинтересиран и го фасцинираше фактот колку уметноста има поголема моќ во јавниот простор, отколку во галерискиот, каде тоа добива само репрезентативен карактер.

Во делото „Ѕидот на мирот, Реплика", враќањето хронолошки беше неопходно, со желба да се покренат прашања релевантни за уметничката практика. И со СИА галеријата во Скопје го имавме истиот концепт, навраќање кон историското минатото, на пример, модернистичката архитектура во Скопје, архивирањето како уметничко дело, итн.


3. Северна Македонија како нова точка на помирување на Балканот - ново
4. Груевски се шета или влече потези од Будимпешта? - ново
5. Кица Колбе - Моќта на минатото врз сегашноста - ново
6. Автобусот се занесе, нешто ме удри во главата и почнавме да паѓаме еден врз друг



117 БЕСПЛАТНИ е-книги Е-БИБЛИОТЕКА

АНКЕТА ЗА СК014



ТЕМПЛУМ





„Ѕид на мирот", 2012 Нада Прља. Делото изведено и нарачано од 7-то Берлинско биенале

Во нашиот предлог проект за македонското претставување на Венецискoто биенале, побарав изложување, во рамките на мојот проект, на избрани дела од 60-тите и 70-тите години, дела од еминентни автори од минатото од регионот, кои се дел од уметничка колекција на Музејот на современа уметност во Скопје, со намера да се потенцира праксата на уметниците кои живееле во времето на соцреализмот, но избегнувале подданичко творештво.

Мојот интерес за споредба на поранешните и сегашните општествено-политички и ликовни состојби, претставуваат голем дел на моето уметничкото истражување. Интересот за учење од минатото и неговата инкорпорација во сегашноста, овозможува да живееме во „интересни времиња", што е и насловот и главната тема на 58-то Венециско биенале, определена од главниот куратор Ралф Југоф (Ralph Rugoff).




Фотографии: архива на Нада Прља

изложба / павилјон / Венециско биенале / Нада Прља / македонско учество / „интересни времиња"

Tweet G+ Like 0

## Слични содржини



Стрип / Уметност
Нова графичка новела: „Хашиш"


Уметност / Настан
Изложба со петте тефтери на Владимир Лукаш


Уметност
„Хероините на нашето време" - изложба на Јана Јакимовска


Уметност
Издиши - Изложба на Иван Ивановски во Мобилна галерија


Уметност / Настан
Под земја полесно се дише 6


Уметност
„Ослободување" – изложба на дела од Милена Атанасова


Фотографија / Уметност / Настан
Изложба на Станимир Неделковски во Музеј на град Скопје


Уметност / Настан
Јане Чаловски и Христина Иваноска „Епилог (форма на расправа)"


   